Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1089/2021
Дата......30.-07.-2021......

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Карпош се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 175/3, КП 176/1, КП 177/1, КП 178/2, КП 179/2, КП 188/2, КП 174/1, КП 175/4, КП 176/2 и КП 177/2, КО Бардовци, Општина Карпош.**

Површината на предметниот опфат изнесува 2,13 ha.

Предметната локација се наоѓа во заштитна зона на спортски аеродром Стенковец и III заштитна зона на бунари Нерези-Лепенец.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y11421** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 175/3, КП 176/1, КП 177/1, КП 178/2, КП 179/2, КП 188/2, КП 174/1, КП 175/4, КП 176/2 и КП 177/2, КО Бардовци, Општина Карпош, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 175/3, КП 176/1, КП 177/1, КП 178/2, КП 179/2, КП 188/2, КП 174/1, КП 175/4, КП 176/2 и КП 177/2, КО Бардовци, Општина Карпош, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 175/3, КП 176/1, КП 177/1, КП 178/2, КП 179/2, КП 188/2, КП 174/1, КП 175/4, КП 176/2 и КП 177/2, КО Бардовци, Општина Карпош**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Карпош**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 35953 од 31.05.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 175/3, КП 176/1, КП 177/1, КП 178/2, КП 179/2, КП 188/2, КП 174/1, КП 175/4, КП 176/2 и КП 177/2, КО Бардовци, Општина Карпош. Површината на проектниот опфат изнесува 2,13 ha.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk